Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 22.05.2021

На 21.05.2021 во 10.50 часот на Граничен премин „Ќафасан" од полициски службеници е лишен од слобода Е.Р.(32) од Р.Албанија затоа што при извршена пасошка контрола било констатирано дека истиот евидира на стоп-листа со мерка „апси" издадена од Интерпол Скопје. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Струга за понатамошна постапка.

На 21.05.2021 околу 13.00 часот во СВР Скопје, К.Ѓ.(29) од Неготино пријавил дека на ул.Петар Манџуков бил каснат од куче скитник.

На 22.05.2021 во 07.30 ч од страна на полициски службеници од ПС-Тетово се приведени Х.Ф. од Тетово, кој се барал со потерница за издржување на казна затвор во траење од еднаипол година и Л.Б. од Тетово, кој се барал исто така за издржување на затворска казна. Лицата се предадени во КПУ-Затвор Тетово.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (21.05.2021) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 173 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 50 санкции, а 10 за возење без возачка дозвола.Изречени се 14 санкции за користење мобилен телефон, 64 санкции за непропишно паркирање, три санкции за минување на црвено светло, шест санкции за некористење сигуросен појас.

На 21.05.2021 во 10.25 часот пред банка на бул.Туристичка во Охрид, патничко моторно возило „пежо" со охридски регистарски ознаки, управувано од М.Ѓ.(39) од Охрид удрило во Н.К.(45) од с.Велгошти,охридско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Н.К. која е пренесена во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Охрид.

На 21.05.2021 полициски службеници од СВР Битола, во с.Мусинци,битолско ги лишиле од слобода В.А.(21), Г.А.(28) и В.А.(26), бидејќи по претходно издадена судска наредба од судија на претходна постапка од Основен суд Битола бил извршен претрес во нивниот дом и биле пронајдени стебла со канабис и околу 1000 семки од канабис. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок до надлежното обвинителство.

На 21.05.2021 во 22.20 часот во ОВР Прилеп, Н.Ќ.(30) од Прилеп пријавила дека на ул. Дабничка во Прилеп била касната од куче скитник.

На 21.05.2021 полициски службеници од Единица за недозволена трговија при СВР Скопје, на подрачје на Карпош го лишиле од слобода Н.С.(39) од Скопје поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело "неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори".Полициските службеници, постапувајќи по претходно издадена судска наредба од Основен суд Скопје 1 при претрес во домот на пријавениот пронашле саксии со канабис и импровизирана просторија за одгледување на канабис. По документирање на случајот против пријавениот ќе биде поднесена кривична пријава по чл.215 од Кривичниот Закон.

На 21.05.2021 околу 20,45 часот во Скопје пред хотел на крстосница од ул.„Филип Втори Македонски" и ул.„Кеј 13-ти Ноември", патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Л.(30) од Скопје, удрило во Е.Б.(49) од Скопје. По незгодата Е.Б. била пренесена во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" каде и се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 21.05.2021 во 09.20 часот на Граничен премин „Долно Блаце" од полициски службеници е приведен Д.Е.(19) од Р.Косово, поради тоа што по извршени проверки било констатирано дека имал нерегулиран престој во Република Северна Македонија. Лицето е задржано и предадено на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и редамисија за понатамошна постапка.

Денеска (22.05.2021) во 11.30 ч. полициски службеници од ОКР-Тетово на ул.113 во Тетово го приведоа Н.Р. (38) од с.Милетино, затоа што кај него бил пронајден хероин. По документирање на случајот, против Н.Р. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.05.2021 година во 00,15 часот, на булевар „Туристичка" во Охрид, извршен е преглед врз Х.Б.(22) од Охрид пришто, полициските службеници пронајдоа и одземаа еден нож и марихуана. Тој е приведен и против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.С.(52) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „несовесно работење во службата". Во јануари и февруари 2013 година, пријавениот извршил наплата во износ од 55 283 денари од Ш.Ќ. и П.Т. од Охрид за продажба на гробни места, при што им издал фискална сметка која подоцна ја сторнирал, со што паричните средства не ги предал во благајната и не ги евидентирал во компјутерска евиденција на ЈП „Градски гробишта" Охрид.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.В. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 23.12.2020, полициски службеници од СВР Куманово извршиле преглед над пријавената, при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 21.05.2021 околу 09.25 часот во Полициска станица Гевгелија било пријавено дека на Железничка станица„Смоквица" се запалила локомотивата на патничкиот воз кој сообраќа на релација Скопје - Гевгелија. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Гевгелија, а на машиновозачот му е укажана лекарска помош од итна медицинска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гевгелија.

На 21.05.2021 околу 23,30 часот во угостителски објект на подрачје на Центар од полициски службеници од СВР Скопје бил приведен Н.П.К.(59) од Русија, бидејќи при интервенција за нарушен јавен ред и мир истиот физички нападнал полициски службеник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.05.2021 20,15 часот во Полициска станица Гостивар од Итната медицинска помош било пријавено дека во с.Добри Дол,гостиварско во куќата сопственост на Ќ.С.(56), која била во фаза на реконструкција, констатирале смрт кај Р.А.(56) од с.Градец,гостиварско на кој, според пријавеното, при извршување градежни работи паднал дел од плочата од куќата. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гостивар, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено на обдукција.

На 22.05.2021 во 01.20 часот во СВР Скопје, Ј.Т.(35) од Скопје пријавил дека на подрачје на Аеродром биле опожарени возила „ауди А6" и „мерцедес" кои не биле во возна состојба. Извршен е увид.

На 21.05.2021 во 11.30 часот во СВР Скопје, С.И.(54) од Скопје пријавил дека на 18.05.2021 околу 21.00 часот во двор од семејна куќа на подрачје на Чаир по претходна расправија бил физички нападнат со тврд предмет од Р.И. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.05.2021 во 18.00 часот во Полициска станица Гази Баба, Ф.А.(36) од Скопје пријавила дека од дома се оддалечила нејзината ќерка Р.А.(18). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 22.05.2021 во 10.30 часот во Полициско оддление Сарај, Ш.А.(66) од Скопје пријави дека на 21.05.2021 околу 22.00 часот на подрачје на Сарај по претходна расправија неговиот внук бил физички нападнат од С.П. и Н.П. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.05.2021 во 10.30 часот во СВР Битола, Ѓ.С. вработен во Дирекцијата за спасување и заштита пријавил дека во 10.15 часот од двор во куќа во с.Долно Српци подигнал минофрлачка граната калибар 75мм. од Првата светска војна.

На 21.05.2021 во 14.30 часот во Полициска станица Радовиш, Н.Д.(51) од Радовиш пријавила дека околу 14.00 часот во својот двор во Радовиш таа и нејзиниот син по претходна расправија биле физички нападнати од Џ.Д. и И.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.05.2021 во 03.00 часот во СВР Струмица, 17 годишен малолетник од Струмица пријавил дека на 21.05.2021 околу 23.30 часот пред угостителски објект во Струмица бил удрен со тврд предмет од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.05.2021 во 18,15 часот во Полициска станица Гази Баба, А.З.(39) од с.Долно Лисиче,скопско пријавил дека околу 14,15 часот во Скопје пред мост на подрачје на Гази Баба поради нерасчистени финансиски односи, со закана од едно лице и Г.Р. му биле одземени патничко моторно возило „мерцедес" и пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.05.2021 во 15.30 часот во Велес од полициски службеници од СВР Велес бил лишен од слобода Ш.Р. (35) бидејќи агресивно се однесувал кон полициски службеници. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.05.2021 во 19.45 часот во ОВР Кавадарци, С.Р.(19) од Радовиш пријавил дека околу 17.30 часот пред зграда во Кавадарци тој и неговиот брат Ј.Р. биле физички нападнати од А.П. и неговиот син од Кавадарци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.05.2021 во 13,15 часот СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачје на Карпош едно лице со закана одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет